Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ
Примено: 24-02-2026
Орг. Един. | Број: 03 | Прилог: 1071/4 | Вредност:

WebMail

Fw: Барање за информации од јавен карактер

From: po.veles@adsdp.mk [po.veles@adsdp.mk]
Date: 20/02/2026 12:43
To: <sanja.jovanovic@adsdp.mk>
Cc:

Почитувана,

Во Прилог Ви го испраќам барањето за информација од јавен карактер, кое е стигнато на меил адреса на Подружница Велес на понатамошно постапување.

Со почит.

Благој Коларов.

ПО Велес

----Original Message----
From: milan.zvezda.pesic@gmail.com
Date: 19/02/2026 19:56
To: <po.veles@adsdp.mk>
Subj: Барање за информации од јавен карактер

До: АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Подружница Велес

БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани,

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесувам барање за доставување на следните информации:

1. Дали е планирано распишување на оглас за доделување на социјални станови на подрачјето на Велес;
2. Доколку е планирано, кога се очекува да биде распишан огласот;
3. Кои услови и потребни документи треба да ги исполнуваат и доставаат подносителите на барањата за доделување на социјален стан;
4. Дали постои тековна или планирана постапка за ажурирање на листите на потенцијални корисници.

Бараните информации ми се потребни со цел навремено и точно информирање на заинтересираните граѓани.

Ве молам информациите да ми бидат доставени во законскиот рок, во писмена форма.

Со почит,

Звезданка Пешиќ
Асистент на пратеникот Б. Крмов
Советник во Општина Велес
Советничка група на Левица

Контакт: 075 367 774
Ул. Маца Овчарова Бр. 69 Велес

Reply to Sender | Cancel

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

наш знак	ваш знак	дата
03-1071/3		03-03-2026

До:
Звезданка Пешиќ
Ул.Маца Овчарова бр.69
Велес

Предмет: Доставување одговор по Барање информација согласно закокот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

Врска: арх.бр 03-1071/1 од 26.02.2026 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019)во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

наш знак	ваш знак	дата
03-1071/4		03-03-2026

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-1071 од 26.02.2026 година го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-1071/1 од 26.02.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на тоа дали е предвидено распишување на оглас за доделување на социјални станови во Велес,кога би се реализирал, кои се условите и потребната документација за аплицирање, како и дали постои тековна или планирана постапка за ажурирање на листите на потенцијални корисници.

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-1071/1 од 26.02.2026 година за пристап до Информации од јавен карактер, а се однесува на тоа дали е предвидено распишување на оглас за доделување на социјални станови во Велес,кога би се реализирал, кои се условите и потребната документација за аплицирање, како и дали постои тековна или планирана постапка за ажурирање на листите на потенцијални корисници.
согласно информациите добиени од Подружница Велес Ви го доставуваме следниот одговор:

За да се планира распишување на оглас за доделување на социјални станови, неопходно е да постојат слободни станови од постојниот станбен фонд или да бидат изградени нови социјални станови. Во моментот, на подрачјето на Велес има вкупно 29 социјални станови, кои се веќе распределени на корисници. Бидејќи нема изградени нови социјални станови, ниту пак слободни станови од постојните, во овој момент не постојат услови за планирање и распишување на нов оглас за доделување на социјални станови.

Со оглед дека во моментот не се исполнети условите за распишување на оглас, односно нема слободни ниту новоизградени социјални станови, не може да се утврди рок за негово објавување.

Дополнително, распишувањето на оглас не е во надлежност на нашето Друштво. Во случај на создавање услови во иднина, постапката би ја спровел надлежната институција согласно позитивните законски прописи, а условите, критериумите и потребната документација би биле утврдени со самиот оглас.

АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје – Подружница Велес нема надлежност за креирање или ажурирање на листи на потенцијални корисници на социјални станови и води исклучиво евиденција на постојните корисници со кои има склучено договори.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска